Search mail

2 of 389

# Fwd: Барање за информација по однос на спроведување на решение за водоснабдување во с. Магарево

Inbox ×

**Evgenija Cukaleva**
to me

Fri, May 2, 2:04 PM (4 days ago)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 06. 05. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број. | Прилог | Вредност: |
| 11 | 85 | | |

---------- Forwarded message ---------
Fr[redacted]
Date: Wednesday, April 30, 2025
Subject: Барање за информација по однос на спроведување на решение за водоснабдување во с. Магарево
To: evgenija.cukaleva.ob@gmail.com

Здраво Евгенија,

Во врска со донесеното решение ( на ден 15.03.2024год со бр. ИП1, Бр.26 647) со кое се задолжува Општина Битола да обезбеди исправна и безбедна вода за пиење за жителите на с. Магарево, Ве молам за информација дали е постапено по истото.

Доколку не е, Ве молам да ме информирате до каде е постапката, кои активности се преземени досега и дали е потребно да се преземат одредени активности од страна на жителите на селото со цел забрзување на процесот.

Очекувам Ваш одговор во законски предвидениот рок.

Во прилог ви го праќам решението

Со почит,

[redacted]

**2 Attachments** • Scanned by Gmail






ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за економски развој

Бр.11-85/3
07.05.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-85/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

_____________________

Примил:

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**Бр.32-483/2 од 12.05.2025г.**

**До**
**Лице за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер**
**Емилија Илиевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: 13. 05. 2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 85/4 | | |

Предмет: Одговор на барање

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер со Ваш бр.11-85/2 од 07.05.2025г. доставено до Одделение за комунални дејности и уредување на градежно земјиште, а кое се однесува на издадено решение за забрана на вода за пиење во с.Магарево - селски водовод, од страна на Агенција за храна и ветеринарство –Сектор инспекциски надзор,

Ве известуваме дека Одделението за комунални дејности и уредување на градежно земјиште по добивање на ова решение делумно има постапено односно го има известено населението во с.Магарево дека водата од селскиот водовод не е исправна за пиење и писмено е известена АХВ ПЕ Битола, за превземените мерки.

Со самото изведување на локалниот пат с.Трново-с.Магарево паралелно е извршена реконструкција на дел од водоводната мрежа која претставува еден сегмент од целокупниот проект за изградба на водоснабдителен систем.

Во текот на оваа година согласно Програмите, ќе се продолжи на уште еден сегмент кој што е покриен со реконструкција на коловозот.

За реализација на целиот проект, не се предвидени финансиски средства за оваа тековна година.

Со почит,

Изработил: Наташа Кочовска

Раководител на Одделение

Марјана Спасевска д.м.и.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 306 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за економски развој

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: 13. 05. 2025 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност |
| 11 | 85/5 | | |

**Бр. 40 – 185/1**
**12.05.2025 год**

**До**

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации од јавен карактер

**ПРЕДМЕТ:** Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

Согласно Вашето барање со бр.11-85/3 од 07.05.2025г кое е во врска со водата за пиење во с.Магарево, Ве известуваме за следното:

Одделението за Економски развој има изработено проектна документација со Тех.бр.30/2023 за „Реконструкција на разводна водоводна мрежа во с.Трново и с.Магарево“. Врз основа на оваа документација реконструиран е дел од оваа мрежа во должина од **620м`** во 2024 година.

Со почит,

**Изработил:**
Ангела Србиноска, дги С.Ангела

**Раководител на**
**Одделение за Економски развој**
Венцо Шишкин, дги

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА IV

ОПШТИНА БИТОЛА
**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-85/6
13.05.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **06.05.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] о барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-85/2025** од **06.05.2025 година**, каде бара информација до каде е постапката за донесеното решение со кое се задолжува Општина Битола да обезбеди исправна и безбедна вода за пиење за жителите на с.Магарево.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број **бр.11-85/2025** од **06.05.2025 година**. Во барањето наведе дека бара информација: до каде е постапката за донесеното решение со кое се задолжува Општина Битола да обезбеди исправна и безбедна вода за пиење за жителите на с.Магарево.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-85/1 од 06.05.2025
2.Допис до Одделение за комунални дејности со бр.11-85/2 од 07.05.2025.
3.Допис до Одделение за економски развој со бр.11-85/3 од 07.05.2025.
4.Одговор од Одделение за комунални дејности со бр.11-85/4 од 13.05.2025
5.Одговор од Одделение за економски развој со бр.11-85/5 од 13.05.2025

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 13.05.2025 година, под бр. 11-85/6.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИ[...]ЛА